РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS
Сертифициран систем според
Sistemi i çertifikuar sipas
ISO 9001:2015 No. Q-1123/0

Бр./ Nr./ No. 04 - 427/22 Скопје,Shkup,Skopje 09.11.2022 година/viti/year

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работните односи и („Службен весник на РМ" број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ" број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19 и 14/20), Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 2/2022

за вработување на еден (1) извршител на определено време за период до 31.12.2022 година

Помлад соработник за работа на проекти, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација еден (1) извршител.

Услови што се бараат за вршење на работата:

-вид на образование: VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правни науки, економски науки или организациони науки и управување (менаџмент).

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и

-работно искуство: со или без работно искуство во струката.

Распоред на работно време

- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30/08:30 до 15:30/16:30
- Паричен износ на основна нето плата: 22.283,00 денари.

Кон пријавата по јавниот оглас, кандидатот треба да ги достави следните документи:

1. Своерачно потпишана пријава за работното место за кое се пријавува;
2. Кратка биографија-CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса;
3. Уверение за државјанство;
4. Уверение за завршено образование согласно јавниот оглас;
5. Доказ за работно искуство;
6. Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски, германски) и
7. Доказ за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење.

Јавниот оглас трае три (3) работни дена од денот на објавувањето на огласот.

Поради итност на постапката потребните документи кандидатите да ги достават директно во архивата во просториите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на Булевар „Гоце Делчев" бг.18, Скопје (14-ти кат), во затворен коверт, со назнака „ЗА ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ".

Проверката на поднесените документација од кандидатите ќе се изврши од страна на комисијата при Агенцијата, изборот ќе се изврши во рок определен со член 23 од ЗРО.

Некомплетните и ненавремено доставените документи нема да бидат земени предвид во постапката за одлучување.

**Генерален секретар,**
**Таѓа Ковачев**

Подготвил: Василка Поп Ѓорѓиева

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk